СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ЕУ ВЕСТИ

**ЕУ ЦЕНТАР**
***декември 2024 година***
***ЕУЦ-број 97/2024***

## САМИТ ЕУ – ЗАПАДЕН БАЛКАН




Во Брисел на 18 декември годинава се одржа самит на лидерите на членките на ЕУ и на земјите од Западен Балкан. Самитот беше можност за постигнување нов моментум за стратешкото партнерство и соработка помеѓу ЕУ и земјите од Западен Балкан.

„Ние припаѓаме на исто европско семејство, споделуваме ист континент, но најважно од сè, споделуваме заеднички вредности и заедничка историја" - истакна Антонио Коста, кој претседаваше со самитот, за првпат во својство на претседател на Европскиот совет.

Главни теми на самитот беа: унапредување на интеграцијата ЕУ - Западен Балкан преку Планот за раст, продлабочување на политичкиот ангажман на ЕУ за ЗБ во повеќе области, вклучително и надворешната и безбедносната политика, градење економска основа за иднината и ублажување на влијанието од руската војна против Украина, соработка во справувањето со миграцијата и борбата против корупцијата и организираниот криминал.

Од самитот беше објавена *Декларација од Брисел,* во која се истакнува дека „ЕУ е посветена на интеграција на земјите од Западен Балкан кон европското семејство. Постепената интеграција на земјите веќе е започната во одредени области на политиките, подготвувајќи го теренот за пристапувањето и за конкретни придобивки за граѓаните, на реверзибилен и начин базиран на на заслуги".

Планот за раст има потенцијал во следната деценија да го удвои економскиот раст на регионот и да ја забрза социоекономската конвергенција меѓу ЗБ и ЕУ, обезбедувајќи дека партнерите ги спроведуваат реформите поврзани со ЕУ што ги поставија во нивните реформски агенди.

Лидерите на ЕУ им честитаа на партнерите од ЗБ кои веќе се приклучија на Единствената област за плаќање во евра - СЕПА, што ќе ги намали трошоците за трансакции на трансакциите.

ЕУ смета на партнерите од ЗБ во унапредувањето на регионалната економска интеграција, преку Заеднички регионален пазар, кој претставува предуслов за поблиска интеграција со единствениот пазар на ЕУ.

ЕУ има за цел дополнително да го продлабочи политичкиот ангажман со партнерите од ЗП во областите: надворешна и безбедносна политика, безбедноста и одбраната, соработка и отпорност кон хибридни и сајбер закани за спротивставување со странско мешање и дезинформации и ангажман со мерки за младите преку истражување, иновации, образование и социјална политика.

Лидерите ја истакнаа важноста на помирувањето, добрососедските односи, надминувањето на споровите и прашања од минатото, заради регионална стабилност.

ЕУ останува најблискиот партнер на регионот, главен инвеститор и трговски партнер, како и главен донатор. Ангажманот во регионот ЕУ ќе го продолжи преку Инструментот за претпристапна помош, економскиот и инвестицискиот план и пакетот за енергетска поддршка.

https://www.consilium.europa.eu/en/

**Содржина на вести:**


| | |
|---|---|
| Самит ЕУ - Западен Балкан | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Нов состав на Европската Комисија | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Нови правила за безбедност на стоки за широка потрошувачка во ЕУ | 6 |
| Пазар на трудот и платите во Европа | 6 |
| Нов механизам за посредување меѓу земјоделците и купувачите во ЕУ | 7 |
| Засилена борба против тероризмот | 7 |
| Атлас за миграција 2024 | 8 |
| Меѓународен ден на мигрантите - 18 декември | 8 |
| Романија и Бугарија нови членки на Шенген зоната | 9 |
| Мерки за справување со кардиоваскуларните заболувања | 9 |
| Зајакнување на европската Агенција за кибер безбедност | 10 |
| Европската Комисија отвори истрага против Тикток | 10 |
| Потрошувачка на енергија од обновливи извори | 11 |
| ЕУ календар / јануари 2025 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија 16 - 19 декември 2024 година***

На отворањето на декемвриската пленарна сесија, претседателката Роберта Мецола. изрази задоволство за приклучувањето на Романија и Бугарија во Шенген зоната за слободно движење од 1 јануари 2025 година.

Европратениците со 569 гласа дадоа поддршка на назначувањето на италијанската кандидатка, Бруна Сего, за претседател на Управата на ЕУ за спречување перење пари и финансирање тероризам (AMLA). Управата, со седиште во Франкфурт, има задача да ги координира активностите на националните единици за финансиско разузнавање и директно да надгледува ризични финансиски субјекти присутни во повеќе земји членки.

Европарламентот одобри измени предложени од конференцијата на претседатели во ЕП, формирајќи два нови постојани и два специјални комитета. Постојните поткомитети за безбедност и одбрана и за јавно здравје се трансформираат во полноправни комитети. Во 2025 година ќе има и два нови специјални комитета: еден за таканаречената иницијатива „Штит на демократијата“ вклучена во политичките насоки на Комисијата за 2024-2029 година, и друг - за справување со тековната станбена криза во ЕУ. Постојаните комисии за безбедност и одбрана и за јавно здравје, секоја составена од 43 членови, добија поддршка од 448 гласа, Специјален комитет за европскиот штит за демократија, составен од 33 членови - 441 глас, и Специјален комитет за станбената криза во Европската Унија, составен од 33 членови - 480 гласа.

Членството на двата постојани и двата специјални комитета треба да го одразуваат составот на ЕП и ќе го определат секоја политичка група. Составот на комитетите се очекува да се објави на пленарната седница на ЕП, од 20 до 23 јануари 2025 година.

Европратениците со 546 гласа го усвоија привремениот политички договор со Советот за одложување на примената на новите правила на ЕУ со кои ќе се спречи уништувањето на шумите и ќе се забрани продажба на производи со потекло од дефорестација – обесшумување. Големите оператори и трговците ќе треба да ги почитуваат обврските од новата регулатива од 30 декември 2025 година, а микро и малите претпријатија од 30 јуни 2026 година.

Со 344 гласа европратениците на тајно гласање ја избраа Тереза Анжињо од Португалија за европски омбудсман со мандат од пет години. Анжињо е независен експерт за човекови права и академски истражувач, член на Надзорниот комитет на Европската канцеларија за борба против измами (ОЛАФ).

Два нови закона во ЕУ ќе понудат брзо финансирање за мерки за обновување од природните катастрофи што се случија годинава. Предлогот за Регионална итна поддршка за реконструкција „RESTORE“ беше усвоен со 638 гласа, а предлогот за обезбедување помош од ЕАФРД беше одобрен со 644 гласа. И двата закона сега треба да бидат официјално одобрени од Советот.

Европскиот парламент го одобри барањето на Белгија за 704.135 евра помош од ЕУ преку Европскиот фонд за прилагодување на глобализацијата за раселените работници. Помошта се однесува на 632 поранешни работници од претпријатијата за хартија „Пурмо“ и „Сапи“ во фламанската провинција Лимбург.

Претседателката на ЕП, Роберта Мецола, ја врачи наградата „Сахаров“ за 2024 година на Венецуелците Едмундо Гонзалес Урутија и Марија Корина Мачадо, на церемонија организирана во Стразбур. Претседателката на Грузија, Саломе Зурабишвили, во обраќањето пред европратениците се задржа на протестното движење што ја зафати Грузија по спорните парламентарни избори во октомври годинава.

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

Европскиот парламент усвои три резолуции поврзани со почитувањето на човековите права на Крим, Киргистан и Азербејџан.

Европратениците ги финализираа своите препораки за позицијата на ЕУ за претстојниот глобален собир на ОН за правата на жените во Њујорк во март 2025 година. Пред 69. сесија на Комисијата на ОН за статусот на жените, Европскиот парламент повика на лидерство на ЕУ за постигнување еднакви можности за жените во секоја област од животот, вклучително и со спроведување на Декларацијата од Пекинг и Платформата за акција за родова еднаквост. Препораката беше усвоена на пленарна седница со 322 гласа.



www.europarl.europa.eu

## НОВ СОСТАВ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА

Новиот состав на Европската комисија стапи на функција на 1 декември годинава. Претседателката Урсула фон дер Лајен го предводи новиот Колеџ на комесари со задача да ја испорача работната програма за 2024-2029 година. Во следните пет години Колеџот ќе работи на 7 амбициозни политички приоритети за да ја направи Европа посилна, побезбедна и поправедна.

Претседателката на ЕК во своето излагање истакна дека во ЕУ место имаат и земјите кандидати од Западен Балкан и од источна Европа, нагласувајќи дека процесот на проширување ќе продолжи со почитување на принципот на индивидуална заслуга на земјите кандидати во реформскиот процес.

За регионот на Западен Балкан во новиот состав на ЕК ќе бидат надлежни Марта Кос од Словенија, комесарка за проширување, и Каја Калас од Естонија, одговорна за надворешната политика на ЕУ. Марта Кос истакна дека „ќе се погрижи патот кон пристапувањето во ЕУ да остане целосно заснован на заслуги и дека нема да го компромитира квалитетот на сметка на брзината“.

Поранешниот португалски премиер, Антонио Коста, ја презеде функцијата претседател на Европскиот совет – највисоката политичка институција на ЕУ. Меѓу првите активности на Коста беше работната вечера со лидерите на Западен Балкан, на 3 декември годинава, на вториот ден од функцијата.



Гласањето за новиот состав на ЕК следуваше откако беше постигнат договор меѓу главните политички групи во ЕП за 26-те комесари, додека летото беше постигнат договоро Фон дер Лајен повторно да биде на чело на Комисијата.

Новите еврокомесари претходно поминаа низ сослушувања во соодветните комитети во Европскиот парламент, и секој од нив доби поддршка за извршување на функцијата во доделената област.

https://ec.europa.eu

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



На 18 декември 2024 година претседателот на Собранието, Африм Гаши, со пратениците Бети Стаменкоска—Трајкоска, Борче Цветков и Саранда Имери Стафаи, оствариja средба со претседателката на Националното собрание на Француската Република, Јаел Брон Пиве. Двајцата соговорници го потврдија заемниот интерес за континуирана соработка меѓу двете земји, формирање групи за пријателство меѓу двата парламента, како и подготвеност за поблиска соработка на сите парламентарни нивоа во областа на евроинтеграциите.



Делегацијата, предводена од претседателот Гаши, оствари средба со претседателот на Сенатот на Француската Република, Жерар Ларше, на која присуствуваа Седрик Перен, претседател на КНП, одбрана и вооружените сили, Жан Франсоа Рапен, претседател на КЕП, Марта де Сидрак, претседател на Групата за пријателство Франција-Западен Балкан и Арно Базен, заменик-претседател на Групата за пријателство Франција-ЗБ. Претседателот Ларше потенцираше на историскиот момент, бидејќи ова е првпат од независноста, Сенатот да биде домаќин на претседател на Собрание на Република Северна Македонија и дека нејзиното одржување е јасна порака за нашиот интерес да започнеме подиректна соработка на теми кои се од заемен интерес.



Делегацијата оствари средба со Бруно Фукс, претседател на КНП во Националното собрание на Француската Република, како и поранешен потпретседател на Парламентарното собрание на Франкофонијата и нејзин актуелен генерален секретар.



Претседателот Гаши и пратеничката Бети Стаменкоска – Трајкоска, оствариja средба со Брис Рокфеј, директор на Директоратот за Континентална Европа, Рене Троказ, специјален претставник за Балканот и Маргерит Коста де Борегар, директор за Западен Балкан при Министерството за Европа и надворешни работи на Француската Република.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Парламентарна делегација предводена од претседателот на Собранието, Африм Гаши, и пратениците Дафина Стојаноска, Беким Сали и Митко Трајчулески, оствариja средба со претседателот на Парламентот на Кралството Шведска, Андреас Норлеан, на чија покана се реализираше официјална посета на Стокхолм на 2 и 3 декември, годинава. Делегацијата оствари средба и со Кристијан Даниелсон, државен секретар во МНР и поранешен директор во ЕК на Директоратот за проширување и соседска политика на ЕУ. На средбата Даниелсон нагласи дека Шведска останува поддржувач на евринтеграциите на Република Северна Македонија. Делегацијата присуствуваше на аудиенција кај кралот на Шведска, Карл Шеснаесетти Густав.



На 11 декември 2024 година во Собранието се одржа седмата пленарна Конференција на Национална конвенција за Европската Унија во Република Северна Македонија, посветена на темата: „Фундаментални вредности на Европската Унија – соочување со новите предизвици во контекст на проширувањето“.
Претседателот на Собранието, Африм Гаши, во својот поздравен говор рече дека настанот е важна традиција за напредокот на нашата земја на патот кон интеграцијата во ЕУ бидејќи придонесува за размена на искуства и перспективи меѓу експертите и различните институционални и државни лидери, кои можат да ја зајакнат посветеноста за остварување на заедничката цел - членството во ЕУ. Свои обраќања имаа и претседателот на Комисијата за европски прашања, Антонијо Милошоски и претседателот на Националниот совет за евроинтеграции, Венко Филипче. Учесниците на Конференцијата со свои излагања учествуваа на два панела посветени на темата: „Предизвиците на владеењето на правото на Западен Балкан: нови хоризонти за старите прашања“, и на „Управување со новите иницијативи на ЕУ за Западен Балкан: клучни реформи за иднина без корупција“



Пратеничка група на Собранието за соработка со Парламентот на Сојузна Република Германија на 10 декември 2024 година оствари средба со делегација од германскиот Бундестаг. На средбата присуствуваа претседателот на Групата за соработка, Антонијо Милошоски, и членовите на Групата: Венко Филипче, Никола Мицевски, Иванка Василевска, Ели Панова и Сашко Јанчев. Во име на Собранието Милошоски се заблагодари за постојаната поддршка од страна на Сојузна Република Германија за процесот на проширување на ЕУ, нагласувајќи дека проширувањето на Унијата треба да се темели на Копенхашките критериуми без да биде обременето со нерационални билатерални барања. Томас Хакер изрази надеж дека новиот ЕУ комесар за проширување, Кос, ќе даде дополнителен поттик за проширувањето на Унијата. Истакна дека и земјите членки на Унијата и земјите аспиранти треба да работат на унапредување и имплементирање на реформи кои ќе придонесат за зголемена економска соработка, поинтензивна трговска размена и зголемување на инвестициите во Регионот.

## НОВИ ПРАВИЛА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СТОКИ ЗА ШИРОКА ПОТРОШУВАЧКА ВО ЕУ



Во ЕУ од 13 декември 2024 година стапуваат во сила новите правила за безбедност на сите непрехранбени производи за широка потрошувачка кои се продаваат, офлајн или онлајн, на пазарот во ЕУ.
Правилата се дел од новата општа ЕУ регулатива за безбедност на производите, со која се заменуваат досегашните директиви за општа безбедност на производите и за производите кои претставуваат замена за храна. Со правилата се појаснуваат обврските на бизнисите за безбедноста на стоките што ги нудат и се очекува тие да обезбедат порамноправни услови на пазарот. Се очекува новата Регулативата да овозможи подобар одговор на предизвиците што произлегуваат од растот на онлајн продажбата и директниот увоз на стоки од трети земји, да гарантираат поадекватно спроведување на правилата и да ја зголемат ефикасноста во повлекувањето на опасните производи од пазарот.
Според ЕК регулативата на потрошувачите ќе им овозможи подобри канали за пријавување безбедносни проблеми и за реакгирање за небезбедни производи. Се очекува новите правила да овозможат и значителни заштеди за општеството и потрошувачите, имајќи предвид дека трошоците за санирање на штетите предизвикани од небезбедни производи изнесуваат по околу 11,5 милијарди евра годишно, посочува Еврокомисијата.

https://www.eubusiness.com

## ПАЗАР НА ТРУДОТ И ПЛАТИТЕ ВО ЕВРОПА



Пазарот на трудот во ЕУ во 2023 година останал силен и покрај економското забавување, историски ниската невработеност и отворените нови 5,5 милиони работни места од 2019 година, во најголемиот дел со државјани на трети земји кои не се членки на ЕУ - се истакнува во Извештајот на Европската комисија за состојбата на пазарите на трудот и платите во Европа за 2024 година.
Поволните движења на пазарот на труд овозможиле подобрување во усогласувањето меѓу бројот на баратели на работа и слободните работни места. Во 2023 година реалните плати на европските граѓани почнале повторно да се зголемуваат по падот предизвикан од Ковид пандемијата, инфлацијата и енергетската и економската криза иницирани од руската инвазија врз Украина.
Домаќинствата со пониски примања биле подобро заштитени, главно поради значителните зголемувања на законските минимални плати кои помогнале да се ублажи влијанието на високата инфлација врз куповната моќ на лицата со мали плати - се посочува во извештајот. Податоците ја покажуваат важноста на новите правила за минимална плата на ЕУ, воведени за да се зајакне социјалната правичност во Унијата и европската економија да се направи поинклузивна. Новите правила „ги зголемуваат можностите повозрасните работници да останат подолго во работен однос“, па се предвидува дека до 2030 година во ЕУ ќе има дополнителни 8,8 милиони работници на возраст меѓу 55 и 68 години. Одредени специфични групи на повозрасни работници остануваат недоволно застапени на пазарот на трудот, па нивното поголемо вклучување во активната работна сила би било можно преку мерки за насочена поддршка, се истакнува во извештајот.

https://op.europa.eu/en/publication-detail

## НОВ МЕХАНИЗАМ ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ МЕЃУ ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ И КУПУВАЧИТЕ ВО ЕУ



Задолжителни писмени договори и нов механизам за посредување се дел од мерките што ги предлага Европската комисија за решавање на долгогодишната нерамнотежа меѓу земјоделците и купувачите на примарните производи.
На 17 декември, годинава, Комисијата објави мерки за зајакнување на преговарачката моќ на земјоделците во синџирот на снабдување со храна, со цел да се изедначи преговарачката моќ меѓу земјоделците и големите купувачи.
Иницијативата на Комисијата е дел од пошироките напори за да се обезбеди земјоделците да добијат правична компензација и повеќе да не се принудени да продаваат производи под трошоците за производство.
Предлозите ги одразуваат препораките од Стратешкиот дијалог за иднината на земјоделството во ЕУ, покренат од претседателката на ЕК, Фон дер Лајен, за да се одговори на загриженоста од неодамнешните протести на земјоделците. Предложените мерки вклучуваат задолжителни писмени договори со кои од купувачите се бара јасно да ги наведат условите, како што се цената, количината и временските рокови за испорака, како одраз на пазарните услови и флуктуациите на трошоците.

https://www.euronews.com

## ЗАСИЛЕНА БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ




Советот за правда и внатрешни работи на ЕУ на 12 декември, го одобри првиот од двата сета на заклучоци за зајакнување на заедничките напори во борбата против тероризмот кој, заедно со насилниот екстремизам, и натаму претставуваат значајна закана за ЕУ и нејзините земји членки. Со заклучоците се поставуваат стратешки цели и клучните области во кои се потребни зголемени напори за подобрување на оперативната ефикасност и претставуваат основа за обликување на антитерористичките политики и мерки на ЕУ во следните пет години.
Земјите на ЕУ на располагање имаат низа заеднички инструменти, од споделувањето информации и зајакнување на безбедноста на границите, до оневозможувањето на финансирањето на тероризмот и спречувањето на радикализацијата, со цел европските граѓани да бидат безбедни.
Советот на ЕУ ги повикува земјите членки да ја подобрат подготвеноста и способноста за одговор на потенцијални терористички и насилни екстремистички напади. Во заклучоците се истакнува дека за зајакнување на напорите за борба против тероризмот, потребна е размена на информации, откривање и спречување на инфилтрација на лица кои претставуваат терористичка закана, како и спротивставување на ширењето на тероризмот и насилниот екстремизам преку интернет.
Министрите за внатрешни работи на ЕУ ја повикаа Европската комисија, заедно со земјите членки, да работи на операционализација на ефективната депортација на лицата кои претставуваат безбедносна закана, како и да преземе дополнителни чекори за справување со предизвиците што произлегуваат од неусогласеноста на некои онлајн платформи со Законот за дигитални услуги на ЕУ.

https://www.consilium.europa.eu

## АТЛАС ЗА МИГРАЦИЈА 2024




На Меѓународниот ден на мигрантите, 18 декември, Заедничкиот истражувачки центар го објави Атласот за миграција 2024 година, кој истражува сложени фактори кои влијаат врз миграциските движења.
Атласот на миграцијата е интерактивна онлајн алатка која обезбедува клучни факти и бројки за миграцијата за поддршка на креирањето политики засновани на докази. Ги содржи најновите податоци за миграцијата во 27 земји членки на ЕУ и 171 земја што не се членки на ЕУ.
Оваа работа придонесува за унапредување на системите за рано предупредување и методологиите за прогнозирање на миграцијата, поддржувајќи ја Европската политика за миграции.
Според Атласот двигателите на миграции се групирани во осум димензии: демографски, економски, еколошки, социокултурни, политички, безбедносни, човечки развој и наднационални. Истражувањето нагласува дека во повеќето случаи миграцијата е водена од сложена интеракција на повеќе фактори.
Економските фактори како што се разликите во платите, невработеноста и економската нестабилност може да ги поттикнат луѓето да ја напуштат својата земја. Безбедносните грижи, притисоците од околината или аспирациите за подобар живот и мотивациите за миграција се исто така едни од факторите кои поттикнуваат миграции.
Атласот за миграција 2024 користи податоци за дозволи за престој за да разбере зошто луѓето се преселуваат во земјите на ЕУ. Овие дозволи се издаваат од различни причини како работа, обединување на семејството, образование и хуманитарни причини, и на тој начин даваат индикација за мотивите за миграција. Атласот ја нагласува улогата на податоците во надминувањето стереотипи, митови за мигрантите и поттикнување емпатија кај луѓето.

https://joint-research-centre.ec.europa.eu

## МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА МИГРАНТИТЕ – 18 ДЕКЕМВРИ



Со одбележувањето на Меѓународниот ден на мигрантите се препознаваат предизвиците на милиони луѓе кои ги напуштаат домовите во потрага по безбедност, дигнитет и можности. Во 2024 година Европската Унија усвои Пакт за миграции и азил, поставувајќи концизни и заеднички правила во управувањето со миграциите на фер начин: јасен пристап кон миграциите, балансирана одговорност, безбедност, хуманитарностаи солидарност, солидна соработка со земјите членки на ЕУ и земјите од потекло и транзит, со цел справување со илегалните миграции.
Легалната миграција е витална за европската економија. Добро менаџирана работна миграција е клучна за конкурентноста, за вештини на справување и празнини во работни места. Иницијативите на ЕУ во справување со илегалната миграција имаат силни резултати. Како резултат на посветеноста и работата на ЕУ со партнерите во првите 11 месеци од 2023, нерегулираните гранични премини во ЕУ се намалиле за 40%. Сè уште има потреба да се посвети особено внимание на ранливите мигранти, особено на жените и децата, кои се соочуваат со зголемени ризици од насилство и злоупотреба на нивните патувања.

https://home-affairs.ec.europa.eu/

## РОМАНИЈА И БУГАРИЈА НОВИ ЧЛЕНКИ НА ШЕНГЕН ЗОНАТА




Шенген зоната, едно од најголемите достигнувања на европската интеграција, моментално опфаќа 29 земји и речиси 450 милиони луѓе. Советот за правда и внатрешни работи на ЕУ донесе одлука за укинување на контролите на патниците на копнените граници на Бугарија и Романија со земјите од Шенген зоната од 1 јануари 2025 година.
Претходно некои од земјите членки меѓу кои и Германија и Франција, беа против заедничката кандидатура. Со текот на времето, политичките ставови постепено се смируваа, оставајќи ја Холандија, и на крајот Австрија, како последна пречка на овој пат.
Контролите на воздушните и поморските граници беа укинати претходно оваа година. Договорот од Будимпешта предвидува воведување проверки на копнените граници меѓу Унгарија и Романија и меѓу Романија и Бугарија за „најмалку“ шест месеци за „да се спречи каква било сериозна закана за јавната политика и внатрешната безбедност“.
Тоа значи дека големото достигнување на одобрението – трајното укинување на проверките на пасошите на копнените граници – нема да биде целосно реализирано и граѓаните кои патуваат низ земјите сепак ќе ризикуваат да се соочат со редици и доцнења.

https://www.euronews.com

## МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КАРДИОВАСКУЛАРНИТЕ ЗАБОЛУВАЊА



Советот на ЕУ одобри пакет-мерки насочени кон подобрување на кардиоваскуларното здравје во Унијата, фокусирани на превенција, рано откривање, третман и рехабилитација, со цел зајакнување на напорите во спречување на срцевите заболувања, кои се водечка причина за смртност.
Одобрените мерки се во рамки на заложбите на Унгарското претседателство со ЕУ, кое завршува на крајот на 2024 година и меѓу чии приоритети е и намалувањето на товарот предизвикан од незаразните болести, особено од кардиоваскуларните заболувања.
Во одобрените мерки се повикува на посветување на особено внимание на превентивните инструменти, како што се подобрување на здравствената писменост, подигање на свеста за кардиоваскуларното здравје и обесхрабрување на изборот на нездрав начин на живот, како што се употребата на тутун, прекумерното консумирање алкохол или нездравата исхрана. Советот ги повикува земјите членки да обезбедат еднаков пристап до кардиоваскуларната здравствена заштита, да го вклучат скринингот во редовните здравствени контроли и да ја зајакнат обуката за здравствените работници. Советот ја повикува и Комисијата да преземе сеопфатна акција за да помогне во намалувањето на распространетоста на кардиоваскуларните заболувања во ЕУ, нагласувајќи ги не само унапредувањето и превенцијата на здрављето, туку и скринингот, раното откривање, третманот, рехабилитацијата и унапредување на истражувањето и иновациите, се наведува во соопштението на Европскиот совет.

https://www.consilium.europa.eu

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЕВРОПСКАТА АГЕНЦИЈА ЗА КИБЕР БЕЗБЕДНОСТ




Европскиот совет повика на дополнително подобрување и активности на Агенцијата на ЕУ за кибер безбедност (ЕНИСА), особено на создавање европски документи за сертификација на кибер безбедност и воспоставување единствена платформа за известување.
Во усвоените заклучоци на иницијатива на Унгарското претседателство со ЕУ, се нагласува дека во последните две децении ЕНИСА се покажала како непроценлив субјект во европскиот систем за кибер безбедност. ЕНИСА има клучна улога во безбедноста на онлајн просторот во услови на зголемен обем и сложеност на кибер заканите и новите предизвици во последните години.
Според Советот, зголемената улога на Агенцијата мора да резултира со обезбедување соодветни ресурси при преговорите за повеќегодишната финансиска рамка на ЕУ, но и конкретно да се утврдат нејзините обврски за да се избегне двојство на задачите со другите учесници во кибер секторот. Како особено важна се нагласува натамошната соработка на ЕНИСА со Европската комисија, Европската служба за надворешни работи (ЕЕАС), Мрежата на тимови за одговор на инциденти поврзани со компјутерската безбедност (ЦСИРТС) и Европската мрежа на организации за врски при кибер кризи (ЕУ-СиКЛОН), како и со другите актери во кибер системот, како што се Сервисот за кибер безбедност на институциите на ЕУ (ЦЕРТ-ЕУ), Европскиот центар за кибер безбедност, Европол, меѓународните организации и партнери и приватниот сектор.

https://www.consilium.europa.eu

## ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ОТВОРИ ИСТРАГА ПРОТИВ ТИКТОК



Европската комисија започна формална постапка против TikTok поради потенцијални прекршувања на Законот за дигитални услуги (DSA). Комисијата собира податоци за да утврди дали TikTok го прекршил правото на ЕУ.
Претседателските избори во Романија одржани на 24 ноември годинава забележаа неочекувана победа во првиот круг на Георгеску, независен националист и евроскептичен кандидат, кој претходно ѝ беше малку познат на јавноста. Изборите беа поништени откако Уставниот суд доби докази за руско мешање во процесот на гласање, особено на TikTok, како што беше обезбедено од разузнавачките служби на земјата.
Загриженоста на Комисијата се однесува на тоа како функционира алгоритмот за препораки на социјалните медиуми и системот на политички реклами, кои бараат јасно означување.
Ова е само првиот чекор за да се утврди дали TikTok го прекршил законот. Доколку се утврди дека не е во согласност со правото на ЕУ, TikTok може да се соочи со казна до 6% од својот глобален приход. Европската комисија не обезбеди временска рамка за тоа кога очекува да донесе заклучок.
Комисијата веќе отвори две други постапки против TikTok. Првата, во февруари годинава, која се фокусираше на заштитата на малолетниците, транспарентноста на рекламирањето, пристапот до податоците за истражувачите и управувањето со ризикот од дизајнот кој предизвикува зависност и штетната содржина. Во посебна постапка во април годинава TikTok доброволно го суспендираше развојот на својата апликација TikTok Lite, која би ги наградувала корисниците за времето поминато на „лизгање“ откако Комисијата утврди дека загриженоста за потенцијалното влијание на апликацијата врз менталното здравје и ризиците од зависност е спротивно на DSA.

https://www.euronews.com

## ПОТРОШУВАЧКА НА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ

Според Евростат, учеството на обновливите извори на енергија во вкупната потрошувачка во ЕУ во 2023 година  изнесувало 24,5%, што е за 1,4% повеќе во однос на 2022 година. Овој удел е за 18% помал од посакуваниот удел од 42,5%, што е цел која ЕУ сака да ја постигне до 2030 година. За да може ЕУ да ја постигне оваа цел, уделот на обновливите извори треба да расте со годишна стапка од 2,6% во периодот од 2024 до 2030 година.
Најголемо учество на обновливите извори во вкупната потрошувачка е забележано во Шведска и изнесува 66,4%, потоа Финска 50,8% и во Данска 44,9%. Шведска се потпираше првенствено на цврсти биогорива, хидроенергија и ветерна енергија, слично како Финска и Данска. Спротивно на тоа, најмал удел на обновливи извори на енергија е забележан во Луксембург со 11,6%, Белгија со 14,7% и во Малта со 15,1%, се наведува на веб-страницата на Евростат.

https://ec.europa.eu/eurostat




## ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ ОД РЕФОРМСКАТА АГЕНДА ВО ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА

1. **Закон за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, по скратена постапка;**
2. **Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, по скратена постапка.**

***ЕУ КАЛЕНДАР / јануари 2025***

1. *Полско претседателство со Советот на ЕУ јануари-јуни 2025*
2. *Состанок на Советот за надворешни работи, 27/01/2025, Брисел;*
3. *Состанок на Советот за општи работи, 28/01/2025, Брисел;*
4. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 20-23/01/2025, Стразбург.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: „11 Октомври“ бр.10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локали 414 и 277
Е-пошта: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот" во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*
*Во рамките на ИПА проектот беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување ЕУ центар во Собранието.*
*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации што се поврзани со ЕУ прашања.*
*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и следење на евроинтеграциите.*
*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




